The Royal Women's Hospital Information for Women

4. Depo Provera - контрацептивна инјекција

*Април 2004*

## 4. DEPO PROVERA - A CONTRACEPTIVE INJECTION

## Зошто користиме контрацепција?

**Контрацепцијата е неопходна ако сакате да избегнете несакана бременост и инфекции кои се пренесуваат со сексуални односи.**

Секој месец јајниците на жената произведуваат јајна клетка. Кога мажот ејакулира неговата сперма содржи милиони сперматозоиди. Треба само еден од овие сперматозоиди да ја оплоди јајната клетка и жената да остане бремена. Ако двојката има сексуален однос (пенис во вагина) и не превземе мерки, постои ризик од забременување. Користењето на контрацепција ви овозможува да имате сексуални односи и да избегнете несакана бременост.

### Добор е ако секогаш се користи кондом

Во Австралија има повеќе од 20.000 случаи на нови инфекции од сексуални односи секоја година. Еден од најчестите симптоми е chlamydia, кој може да доведе до неплодност ако не се лекува. Кондомот е најдобрата заштита од инфекции. Ако секогаш користите кондом и лубрикант на водена база кога имате сексуални односи шансите да добиете сида и многу други полови инфекции се помали.

### Depo Provera

Depo Provera е хормон кој се користи за контрацепција. Се прима со инјекција и делува три месеци. Сличен е на прогестеронот, кој е еден од двата главни хормона кои се создаваат во јајниците на жената.

**Како делува**

Кога жената прима Depo Provera, нејзиното тело го чувствува присуството на хормоните така што нејзиното стварање на хормони престанува. Од таа причина нејзините јајници нема да создадат јајцева клетка. На тој начин се спречува бременоста. Тоа е многу слично со делувањето на пилулите. Depo Provera понекогаш се користи и при лекувањето на ендометриоза.

**Колку е ефикасно**

Depo Provera е многу ефикасен начин за контрацепција, многу поефикасен од комбинираната пилула. Ако100 жени користат Depo Provera за една година, можно е само една да остане бремена, што значи 99 нема да останат бремени. Ниеден начин на контрацепција не е целосно ефикасен. Depo Provera ќе биде ефикасен само ако инјекциите се примаат секои три месеци на време.

**Нус појави**

***Менструација***

Бидејќи нивото на хормони е ниско, повеќето жени развиваат многу малку ткиво на матката и имаат намалени менструации. После две до три инјекции, многу жени нема да имаат менструација воопшто. Некои жени ќе имаат крварење, кое обично е мало и нередовно. Ретко ова крварење може да биде посериозно, а може да се контролира со хормонална терапија.

**Други последици**

- Понекогаш доаѓа до мало поправање, иако многу жени не се поправаат, а некои и слабеат
- Некои жени може да имаат главоболка, болки во стомакот и промена на расположението
- Кај некои жени се намалува интересот за сексуални односи, особено жените кои се склони кон депресија
- Кај мал број на жени се јавуваат други нус појави, кои може да бидат непријатни, но не се сериозни. Тие може да бидат алергии, неисфрлање на течности и чувствителност на дојките.

## Предностите и недостатоците на Depo Provera?

**Предности**

- Depo Provera е многу ефикасен начин со многу мал процент на случаи на забременување.
- За многу жени губењето на ментруацијата е предност, како и ослободувањето од предменструалните непријатности и болката при менструацијата.
- Depo Provera исто така го намалува и ризикот од рак на јајниците, ракот на матката, ендометриоза и можна инфекција на карличниот дел.
- Инјекцијата се прима на секои 12 недели и не е потребно ништо друго да се прави или памти.

**Недостатоци**

- Некои жени не сакаат да одат на лекар на секои три месеци за да примат инјекција.
- Кај некои жени се јавуваат нус појави кои веќе ги опишавме, а кои може да бидат непријатни.
- Штом еднаш инјекцијата се прими хормоните неможат повеќе да се отстранат. Ако жената сака да запре со Depo Provera ќе мора да чека додека помине дејството. Кај некои жени менструацијата може да доцни после запирањето со инјекциите; некогаш тоа трае од 6 до 12 месеци. Меѓутоа, повеќе од половината ќе останат бремени за време од 12 месеци, а повеќе од 90% за време од две години.

**Други работи за размислување**

Додека се користи Depo Provera нивото на хормоните е многу ниско, постојат некои сомневања дека тоа може да доведе до ослабнување на коските (остеопороза) кај жените кои користат Depo Provera подолго време. Сериозноста на ова сеуште не е позната, меѓутоа се претпоставува дека промените настануваат многу поспоро отколку оние кои нормално се случуваат после менопаузата и се враќа на нормално со престанување на користење на инјекциите.

Жените често се загрижени кога користат било какви лекови или се плашат од добивање рак. Иако е многу тешко да се докаже дека не постои никаков ризик, се покажало дека Depo Provera не покажал никакви причини за добивање рак на дојките. Треба да се забележи дека има индикации дека влијае на спречување на ракот на јајниците и на матката. Не се

познати и никакви последици на бебето ако инјекцијата се прими кога жената е бремена или пак во многу ретки случаи кога жената забременува и покрај инјекцијата.

## Кој може да користи Depo Provera?

Depo Provera може да се користи од страна на повеќето жени кои немаат некои сериозни здравствени проблеми и од страна на многу жени кои користат други средства за контрацепција. Може да биде погодно и за жени кои не можат да користат комбинирана пилула од здравствени причини.

## Кој не треба да користи Depo Provera?

Depo Provera не е препорачливо за жени кои имаат:

- Крварења или ако земаат лекови против коагулација
- Недијагностицирано невообичаено крварење
- Историјат на некои видови рак
- Други сериозни здравствени проблеми
- Ако се веќе бремени
- Ако сакаат да останат бремени во наредните 12 месеци.

## Повеќе информации

**Центар за здравје на жената (RWH)**
(03) 9344 2007
1800 442 007 (бесплатен повик) ел. пошта: which@rwh.org.au
http://wellwomens.rwh.org.au

## Други брошури на RWH кои може да ви користат

RWH располага со повеќе брошури на различни јазици на интернет. Ако сакате повеќе информации посетете ја нашата промоционална интернет страна. Адресата е http://wellwomens.rwh.org.au

Можете да ја прашате и медицинската сестра во RWH да ви даде отпечатен примерок од други брошури за контрацепција. Побарајте ги:

Бр. 1 *Контрацепција – ваш избор*
Бр. 2 *Кондом и дијафрагма*
Бр. 3 *Пилули*
Бр. 5 *Implanon – Контрацептивен имплант*
Бр. 6 *Спирала*